РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА ДОЈРАН
*Совет на општината*
*Кеј 5-ти Ноември бр.1 Стар Дојран, 1487*
**tel/fax: +389 34 225 278**
e-mail: dojran@t.mk
Стар Дојран

Бр.08- 1230/1 08.07.2026 година

Врз основа на член 17, 17-а, 17-б, 17-в, 17-г, 17-д, 17-ѓ, 26 и 26-а од Законот за јавните претпријатија („Службен весник на Р.М." бр. 38/96, ..., 35/19 и „Службен весник на Р.С.М." бр. 275/19, ..., 193/25), Правилникот за формата и содржината на јавниот повик за пројавување на интерес за пријавување на кандидати за избор на член на управен и надзорен одбор на јавно претпријатие („Службен весник на Р.С.М.", бр. 213/24), како и Одлука за формирање Комисија за селекција по јавен повик за пријавување на заинтересирани лица за членови на Управен и Надзорен одбор на ЈПСЈДП "ТАУРИЈАН" Дојран, бр.08-1129/10, Советот на Општина Дојран објавува,

# ЈАВЕН ПОВИК

**за пројавување на интерес за пријавување на кандидати за избор на членови на Управниот одбор и на Надзорниот одбор за контрола на материјално–финансиското работење на ЈПСЈДП "ТАУРИЈАН" Дојран**

## 1. ПРЕДМЕТ НА ЈАВНИОТ ПОВИК

Предмет на овој јавен повик е избор на:

- членови на Управниот одбор на ЈПСЈДП "ТАУРИЈАН" Дојран и
- членови на Надзорниот одбор за контрола на материјално–финансиското работење на ЈПСЈДП "ТАУРИЈАН" Дојран, со седиште на ул. „Кеј 5-ти Ноември" бр.1, Стар Дојран.
- Мандатот на членовите на Управниот и на Надзорниот одбор трае 4 (четири) години.

## 2. ОПШТИ УСЛОВИ ЗА УЧЕСТВО

Право на пријавување на јавниот повик имаат лица кои ги исполнуваат следните општи услови:

- Лицата/кандидати да се државјани на Република Северна Македонија;
- Имаат стекнато најмалку 240 ЕКТС кредити или завршен VII/1 степен образование (за членовите за надзорен одбор: од областа на правните науки, економските науки или од областа на дејноста на јавното претпријатие);
- Во моментот на именувањето со правосилна судска пресуда немаат изречена казна или прекршочна санкција забрана за вршење професија, дејност или должност.

## 3. ДОПОЛНИТЕЛНИ УСЛОВИ

А) За членови на Управниот одбор

Покрај општите услови, кандидатите за членови на Управниот одбор треба да имаат најмалку 5 години работно искуство, од кои:

- Најмалку еден член на управниот одбор со работно искуство од областа на финансиско работење и
- Најмалку еден член на управениот одбор со работно искуство од областа на правни работи.

Б) За членови на Надзорниот одбор

Покрај општите услови, кандидатите за членови на Надзорен одбор треба да имаат соодветно работно искуство во согласност со потребната структура на одборот и тоа:

- Еден член на надзорниот одбор, треба да има најмалку 5 години работно искуство;
- Еден член на надзорниот одбор треба да има најмалку 5 години работно искуство од областа на финансиското работење и
- Еден член на надзорниот одбор треба да има најмалку 5 години работно искуство од областа на правните работи.

4. ПОТРЕБНА ДОКУМЕНТАЦИЈА

Како доказ за исполнување на условите, кандидатите доставуваат:

- Кратка биографија (CV);
- Доказ за државјанство на Република Северна Македонија;
- Уверение/диплома за завршено високо образование (240 ЕКТС или VII/1 степен), согласно бараниот профил;
- Потврда дека со правосилна судска пресуда не е изречена казна или прекршочна забрана за вршење професија, дејност или должност;
- Потврда за евидентиран стаж од Фондот за пензиско и инвалидско осигурување на Северна Македонија (како доказ за работно искуство);
- Сертификати, лиценци, уверенија, дипломи и други релевантни докази издадени од овластени, односно акредитирани институции, доколку ги поседува кандидатот.

Во пријавата кандидатот наведува дали конкурира за:

- член на Управен одбор,
- член на Надзорен одбор,
- или за двете тела, доколку ги исполнува условите.

5. РОК, НАЧИН И МЕСТО НА ПОДНЕСУВАЊЕ НА ПРИЈАВИТЕ

Кандидатите поднесуваат пополнета пријава во рок од 5(пет) дена од денот на објавување на ВЕБ странатa на Општина Дојран(образец – даден во прилог на јавниот повик) со потребната документација и доказите во писмена форма (во оригинал или копија заверена на нотар), преку Архива на општинската администрација на Општина Дојран, секој работен ден од 07:30 до 15:30 часот, или по пошта со назнака:

„За јавен повик за избор на членови на Управниот одбор и на Надзорниот одбор на ЈПКД "Комуналец-Полин" Стар Дојран – не отворај".

- Адреса по пошта: Општина Дојран, ул. „Кеј 5-ти Ноември" бр.1, Стар Дојран.

Претседател
на Советот на општина Дојран
Митко Тасев